Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-424/2
17.10.2023 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 25-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 28.09.2023 година, со почеток во 14.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 24-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог - Програма за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Градско за 2023 година.
3. Предлог - Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1 од урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село за формирање на ГП 1, на КП 29/2 во КО Градско, с. Градско со основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи) во УПС Градско, Општина Градско.
4. Предлог - Одлука за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2023 -30.06.2023 година на ЈКП „ Клепа“ Градско -втор квартал.
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на цената за собирање на смет за правни лица по станбена и дворна површина на ЈКП „Клепа “ Градско.
6. Разгледувања на барања и поднесоци.
7. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

На седницата присуствуваше и градоначалникот на општина Градско, Киро Нацков.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 25-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 24-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 24-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 24-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 24-та седница на Совет на Општина Градско.

*2. Програма за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Градско за 2023 година*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде административниот службеник Емилија Тасевска Колева. Истата посочи дека од страна на Општина Градско е изработен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.3 Автопазари на КП 20 КО Згрополци, општина

Градско и Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1 од урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село за формирање на ГП 1, на КП 29/2 во КО Градско, с. Градско со основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи) во УПС Градско, Општина Градско која постапка е при крај. Со оглед дека се изработени за градежно земјиште сопственост на Р.М., истите ќе бидат предмет на продажба од страна на општината, а за да може да биде започната продажбата мора да бидат вметнати во програмата, од кои причини е извршено и дополнувањето на програмата.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Градско за 2023 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Градско за 2023 година.

3. *Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1 од урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село за формирање на ГП 1, на КП 29/2 во КО Градско, с. Градско со основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи) во УПС Градско, Општина Градско.*

Точката беше образложена од службеникот Емилија Тасевска Колева која во врска со истата кажа дека од страна на општина Градско е во тек изработка на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1 од урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село за формирање на ГП 1, на КП 29/2 во КО Градско, с. Градско со основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи) во УПС Градско, Општина Градско и скица од изгледот на истите им достави на советниците на разгледување. Посочи дека со проектот се утврдени 12 плацеви на површина од 6845 m2 со површина на плацевите од околу 520 м2,а најголемиот е со површина од 743 м2. По одобрување на одлуката од страна на Советот истата ќе биде прикачена во системот е - урбанизам и предметот ќе биде проследен до Агенција за катастар на недвижности на преклопување. Преклопувањето треба да биде завршено за 10 -тина денови, по што доколку е во ред проектот ќе биде завршен и за некои 20 -тина дена би можеле да ја отпочнеме постапката за продажба на истите. Продажбата ќе биде објавена на web страната на општината, во дневни весници како и на страната на Градоначалникот кое нешто и самиот го истакна.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1 од урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село за формирање на ГП 1, на КП 29/2 во КО Градско, с. Градско со основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи) во УПС Градско, Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1 од урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село за формирање на ГП 1, на КП 29/2 во КО Градско, с. Градско со основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи) во УПС Градско, Општина Градско.

4. *Одлука за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2023 - 30.06.2023 година на ЈКП „ Клепа" Градско -втор квартал.*

По оваа точка од дневниот ред образложение даде Билјана вработена во сметководствено биро Правеко во Велес, инаку биро кое ги врши сметководствените работи за потребите на ЈКП „ Клепа" Градско. Посочи дека приходите во предметниот период се 4.549.000,00 денари што е за 300.000,00 денари зголемување од лани кога беа 4.248.000,00 денари. Во периодот се зголемени трошоците-расходите кои во моментот се 4.211.000,00 денари зголемени за 298.000,00 денари нето односно 338.000,00 денари бруто или лани истите беа 3.818.000,00 денари. Капиталот е ист, обрските се сменети. Напоменувам дека платите и јавните давачки се уредно платени.

Инаку вкупно тековни обврски има 1.465.000,00 денари за разлика од лани кога беа 1.362.000,00 денари. Имаме зголемување и во нето платата и напоменуваме дека во случај на зголемување на минималната плата на 23.000,00 денари трошоците ќе пораснат.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлука за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2023 - 30.06.2023 година на ЈКП „ Клепа" Градско -втор квартал.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2023 - 30.06.2023 година на ЈКП „ Клепа" Градско -втор квартал.

5. *Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на цената за собирање на смет за правни лица по станбена и дворна површина на ЈКП „Клепа " Градско.*

По оваа точка од дневниот ред образложение даде в.д. Директорот на ЈКП „ Клепа " Градско - Ванчо Цветков. Истиот истакна дека одлуката впрочем и не е нешто ново, цената останува непроменета, за физички лица постои одлука донесена на Совет 2014 година, а за правни лица немаме таква одлука. Со оглед дека од страна на некои фирми при склучување на договор за собирање на смет ни е побарана одлуката се наметнува потребата од нејзино донесување.

Јованче Стојанов - Како ќе бидат покачени платите на вработените, дали ЈКП има средства за истото.

Директорот- покачувањето е за околу 20000 денари месечно се работи за 6 вработени во просек по 2400 денари од човек. Исто така сакам да споменам дека во блиска иднина ќе дојде до потреба од покачување на цената со оглед дека е иста од 2014 година.

Сеат Суљковиќ - Дали може во иднина правните лица плаќањето да го вршиме на фактура

Директорот- Може доставете податоци кај службата.

Боне Спасовски- Дали може кај црквата во с. Виничани да се постави контејнер.

Директорот- Може на располагање имаме 3 пластични контејнери, еден од нив ќе биде поставен таму.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на цената за собирање на смет за правни лица по станбена и дворна површина на ЈКП „Клепа " Градско.

6. *Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Во врска со оваа точка Претседателот на Совет истакна дека до Советот на Општината се пристигнати 2 ( две ) Барања за новороденчиња и тоа од Алмина Сијамиќ и Благица Стојковска . Истите имаат доставено комплетна документација.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА ги усвоија 2 ( двете) барања за новороденчиња.

б) До советот се пристигнати и Барања од КУД „ Стоби " Градско за одобрување на финансиски средства потребни за покривање на трошоци за ангажирање на кореограф и други тековни активности, како и Барање за учество на Меѓународниот фолклорен фестивал во Република Романија.

По разгледување на барањата советниците едногласно со 9 гласа ЗА ги усвоија барањата од КУД „ Стоби " Градско.

в) Пристигнато е и Барање од ФК „ Тим Локомотива 2018" Градско за финансиски средства за покривање на трошоците за учество на натпревари, набавка на спортска опрема и тековни активности.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го одобрија барањето за доделување на финансиски средства за покривање на трошоците за учество на натпревари, набавка на спортска опрема и тековни активности

г) Пристигнато е и Барање од Снежана Кимова за помош од средства кои се потребни за оперативен зафат на карцином на матка.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го одобрија барањето за доделување на еднократна парична помош за оперативен зафат на карцином на матка.

д) Од страна на Трајче Јованов е пристигнато Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување за објект кој е сместен на КП бр. 1652,КО Чичево.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ПРОТИВ го одбија барањето за ослободување од комунална такса за јавно осветлување за објект кој е сместен на КП бр. 1652,КО Чичево.

7. Разно

Маја Андовска - постапката за населено место Стопанство за проблемот со адресите во личните документи до каде е.

Емилија Тасевска Колева наведе дека всушност и не постои проблем со адресите, сите лица кои имаат објект легализиран и впишан во имотен лист со потврда од страна на општината извршуваат без проблем промена. Проблем имаат само неколку лица кои немаат објект во Стопанството и се без државјанство.

Слободан Бошков- Тротоарите на реконструираниот дел од улица 8-ми Септември, доколку е завршено со реконструкцијата, да се исчистат од песок, да се задолжи ЈКП„Клепа" Градско.

Градоначалникот- да реконструкцијата е завршена и тротоарите ќе бидат исчистени.

Боне Спасовски- Обиколницата нема пропуст на вода, да се направи шанец за истекување на истата и исто така има испукувања.

Градоначалникот- за испукувањето е реагирано, кажано ни е дека кога ќе вршат асфалтирање во општина Росоман ќе го санират тоа, инаку проектот е таков улицата е наменета за товарни возила, беше предвидено 7 см асфалт успеавме да ја дуплираме на 15 см.

Маја Андовска- Во врска со проектот ОКР, со оглед на бројните коментари и револт кој е присутен кај жителите на општината, барам информација кои лица се ангажирани во проектот, кај кои лица одат и дали одат.

Службеникот Даниела Димитрова појасни дека се ангажирани 10 лица од кои 4 лица се фасилитатори-лица кои ги мапираат новите социјални и загрозени случаи. Во моментот ангажираните лица нудат помош за прошетка и пазарење.

Боне Спасовски: На пругата кај с. Виничани да се постави осветлување.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 25-та седница во 15:00 часот.

Записник водел:
Емилија Тасевска Колева

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева